Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13 и 42/14), **Општина Кавадарци,** на ден 23.07.2014 **година**, донесе

## Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Урбанистички план за село Дреново, општина Кавадарци** потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ **Урбанистички план за село Дреново, општина Кавадарци** се определуваат следните: **Министерство за животна средина и просторно планирање и општина Кавадарци.**

3. За планскиот документ **Урбанистички план за село Дреново, општина Кавадарци,** а го донесува **Советот на општина Кавадарци**, донесувањето на планскиот документ **Урбанистички план за село Дреново, општина Кавадарци** ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: **влијанија врз населението и човековото здравје, влијанија врз социо-економската состојба, влијанија врз квалитет на амбиентниот воздух, влијание врз квалитет на површински и подземни води, влијание врз почва, влијание поврзани со управување со отпад, влијание од бучава, влијание врз флора и фауна, влијание врз предел, влијание врз материјални добра, влијание врз културно и историско наследство, влијание од несреќи и хаварии и прекугранично влијание.**

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **општина Кавадарци** на следната веб адреса/и: **www.kavadarci.gov.mk**.

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба жалба до **Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка во работен однос во втор степен** во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

**Бр.14-3452/1 од 23.07.2014 година**
**Општина Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Градоначалник,**
**дипл.прав. Александар Панов**